РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ
KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 11-263/4
27-03-2025 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 март 2025 година донесе

përçimi i gazit natyror НОМАGAS Shkup në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 09-414/9
02.04 2025 год.viti
Скопје-Shkup

## РЕШЕНИЕ

## за одобрување на Извештај на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за усогласеност

1. Со ова решение се одобрува Извештајот на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за усогласеност бр.11-263/3 од 17 март 2025 година.
2. Извештајот од точка 1 на ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас Скопје во државна сопственост.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## Образложение

Врз основа на член 112 став (8) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), службеникот за усогласеност на операторот на системот за пренос на природен гас, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас Номагас Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: НОМАГАС АД Скопје), со допис бр.09-414/2 од 30 јануари 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за следењето на усогласеноста на работењето на Номагас АД Скопје во период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.11-263/1 од 7 февруари 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика со допис бр.11-263/2 од 17 февруари 2025 година достави забелешки по Извештајот. Службеникот за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје со допис бр.09-414/5 од 14 март 2025 година достави нов текст на Годишниот извештај за следењето на усогласеноста на работењето на Номагас АД Скопје во период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.11-263/3 од 17 март 2025 година во кој се вградени доставените забелешки.

Регулаторната комисија за енергетика на 27 март 2025 година одржа седница на која што донесе Решение за одобрување на Извештај на службеникот за усогласеност за спроведување на плановите за усогласеност.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.11-263/4**
**27 март 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Прилог:

- Годишен извештај за следењето на усогласеноста на работењето на Номагас АД Скопје во период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година бр.11-263/3 од 17 март 2025 година